# ПОТЕКЛО, ЗНАЧЕЊЕ И ДЕФИНИЦИЈА НА СТАНАГ 6001

СТАНАГ 6001 е скала на владеење на јазикот која НАТО ја усвои во 1976 година. Оваа скала произлегла од ILR (Interagency Language Roundtable) што всушност претставува официјални описи на нивоа на јазични вештини кои владата на САД ги создала за да го оцени познавањето на странски јазици на своите административни службеници. САД од секогаш имале проблеми во дефинирањето на способноста на владеење со странски јазик, поради тоа што низ историјата не се посветувало доволно внимание на јазиците во нивните општи образовни програми. Соочени со академски празнини, Владата морала да ги пополни тие празнини за владини цели. Било заклучено дека на Владата на САД и е потребен систем кој би бил објективен, би се применувал за сите јазици и сите државни службени позиции, и не би бил поврзан со ниедна јазична програма. Затоа што академската заедница немала таков систем, Владата морала да развие свој сопствен кој бил наречен Government Language Skill Level Descriptions или попознат како ILR (Interagency Language Roundtable).

Согласно ова, скалата STANAG 6001 ( STANdardized AGreement) одговарала на широката потреба на НАТО за дефинирање на владеењето на јазикот со цел да служи како заедничко мерило меѓу земјите членки кои ќе го споделат заедничкото разбирање за способноста да се владее јазикот. Во тоа време бил неопходен еден систем кој би бил објективен, применлив за сите јазици и кој би се користел од страна на повеќе земји. Описите на нивоа требало да бидат јасни, така што позициите, без оглед дали се воени или цивилни, би можеле да се совпаднат со нивоата на владеење на јазикот, а во исто време да се и до таа мера општи за да се опише напредокот типичен за слушателите, без да биде конкретно поврзан со некој одреден јазик или јазична програма. Овој пристап бил усвоен со цел да ги задоволи овие потреби што се должат на голема разновидност на позициите, задачите и улогите на воениот и цивилниот персонал.

Дефиниција за “language proficiency ” – владеење на јазикот, прифатена од НАТО (согласно стандардизираниот договор СТАНАГ 6001 – нивоа на владеење на јазикот објавен од Канцеларијата за стандардизација на НАТО):

> **Способност за општа јазична комуникација на поединецот без претходна подготовка.**

Тестирањето според СТАНАГ 6001 не ја мери и не ја оценува професионалната способност на лицата. Ова тестирање ги оценува јазичните вештини, без оглед на каква било претходна подготовка и јазична обука. Резултатите постигнати на тестирањето според СТАНАГ 6001 не се споредливи со резултати од други тестирања и се независни од нив.